Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02.01.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1 | | |

Претставка до Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Предмет на претставката е 8 минутниот прилог на ТВ [redacted] објавен во емисијата „[redacted]“ под наслов „[redacted] година, новинар [redacted].

Линк: http://www.[redacted]

Во прилогот има повеќе фактички грешки и не се почитувани начелата на Кодексот на новинари.
Фактички грешки кои би биле избегнати доколку новинарот проверел толку колку што е можно:
Во прилогот новинарот вели: „[redacted] впишани во Централниот регистар“. Ви доставувам документ од Централен регистар, во кој се гледа дека само две имиња се впишани како членови на Надзорен одбор на [redacted]. Ова и било достапно на новинарката, дотолку повеќе што во прилогот се повикува оти користи друг документ од Централен регистар.
Во прилогот стои: „[redacted] Централниот регистар увидел дека тој е сопсвеник на две фирми, што се коси со законот“. Ова не е точно ниту се коси со закон. Може да има колку сака фирми, но не може да биде член во орган на надзор на трговско друштво се додека има ограничувања согласно Законот за трговски друштва, а се однесуваат на ликвидација, стечај или престанок на работа на неговите фирми. И оваа грешка новинарот можел да ја избегне доколку проверел во документите од Централен регистар.
Со ова новинарот го прекршил начелото за точност на информациите.
Јавноста има право да ја знае вистината за назначувањето на членовите на Надзорниот одбор во [redacted], но патот до неа не е преку слушање само на една страна од приказната.
Во прилогот новинарот кажува:„ Во обид да ја дознаеме вистината контактиравме и со [redacted] ( грешно презиме, јас сум [redacted] з.н.) се обидовме да добиеме изјава од него, но тој не беше расположен да зборува ни во камера ни по телефон.“ Навистина не бев расположен, оти бев на инфузија. Тоа и го кажав. Новинарката ми се јави во 15 часот, и реков дека ќе и одговорам во камера следниот ден. Прилогот беше објавен вечерта во 21,30 часот. Чуму толку брзање да се направи приказната? Дали ако се почекаше уште еден ден ќе се сменеше нешто во фактите кои датираат од август годинава, односно стари се четири месеци? Бараме од Советот да процени дали во посочениов случај новинарот се водел од етички и професионални принципи.
Не ни е јасно кои начела ги почитувала ТВ [redacted] и кога не го објави нашиот одговор од 27.12.2017 на наводите во прилогот туку објави само две реченици кои не се однесуваат на суштината на нападот врз мене.
Во овој прилог, новинарот го искористил медиумот за да објави одредени информации, во полза на една личност, и истовремено да прикрие информации за друга личност, што е во спротивност со Кодексот. Имаме разбирање за трнливиот пат по кој младите новинари

мора да изодат. Но, немаме објаснување за непочитувањето на новинарскиот Кодекс од искусниот уредник на емисијата, кој најавувајќи го прилогот кажа дека истражувале: „Кои се врските меѓу и дали тие биле толку силни па некој си дозволил така лесно да направи фалсификат“. Каков јазик е ова?
Го охрабруваме истражувачкиот тим на ТВ и натаму да ги истражува случувањата поврзани со , но дури и со една нијанса повеќе етичност, избалансираност и објективност ќе успее да се вгради во демократизацијата на општеството.

Скопје
29.12.2017

Во прилог ви го доставувам и одговорот што го испратив до ТВ

Контакт телефон

Ул. „